Методија СОКОЛОСКИ

# НАХИЈАТА ГОРА ВО XVI ВЕК

Според податоците од османските пописни дефтери од XVI век нахијата[1]) Гора ги опфаќа воглавно пределите и населените места јужно и југозападно од Охридското Езеро, како и некои села што се наоѓале или се наоѓаат на самото Охридското Езеро, како што се на пример селата Големо Влае, Катун, Старова, Подградец, Ходоништа, Свети Никола и други. Со исклучок на селата Мало и Големо Влае што се наоѓаат на територијата на СР Македонија сите други села од оваа нахија се во република Албанија. Проучувањето на соседните подрачја во текот на XV и XVI век е од посебен интерес особено по однос на составот на населението, како и ва врска со проблеми од областа на ономастиката, топонимијата и исламизацијата.

За нахијата Гора сега засега располагаме само со подтоци од XVI век и то за 1519 и 1583 година што се дадени во пописни дефтери од тој период. Пописниот дефтер од 1519 година[2]) е сумарен (icmal)[3]) и во него се дадени податоци за притежателите на феудалните лена, назививите на населените места и мезрите, што се вклучени во поедини феудални лена, бројот на старешините на семејствата, бројот на вдовиците и неженетите, а работоспособни, како и износот на годишните обврски на населението изразени парично т.е. во акчиња. Овој пописен дефтер не е целосно сочуван т.е. во него ги нема населбите што биле

[1]) НАХИЈА — арапски збор, со основно значење: — околија, крај, област. Во османско-турската администрација претставува најниска административно-територијална единица со точно определено свое подрачје.

[2]) Овој пописен дефтер се чува во архивот на Претседателството на владата (Башбаканлик Аршиви) на република Турција во Истанбул под број 81. Дефтерот не е комплетен. Микрофилм има во Архивот на Македонија.

[3]) Сумарните дефтери наречени — ицмал или муцмел — претставуваат извод од опширните пописни дефтери. Спрема тоа, за да се состави сумарен дефтер, треба да се има претходно опширен пописен дефтер.

вклучени во хасовите на падишахот потем селата во хасовите на санџак-бегот, како и 7 села од еден зеамет.[5]) Инаку, како пописниот дефтер од 1519, исто така и оној од 1583 година, се однесуваат на Охридскиот санџак. За нахијата Гора во пописниот дефтер од 1519 година стои дека спаѓала во Охридскиот санџак (Der Liva-i Ohri). Меѓутоа, во 1583 година оваа нахија, како и нахијата Мокра, која го опфаќа подрачјето над Гора западно од Охридското Езеро, спаѓале во казата[6]) Старова во Охридскиот санџак. Очигледно е дека во интервалот помеѓу 1519 и 1583 година е создадена казата (кадилакот) Старова. Седиштето на кадијата на оваа каза најверојатно било во селото Старова, по кое го има добиено називот и самиот кадилак. Во 1583 година во Охридскиот санџак имало 6 кази (кадилаци), во кои се опфатени 22 нахии. Така, на пример, во Охридската каза се вклучени: Охридската, Преспанската и нахијата Дебарца; во казата Старова веќе нагласивме дека се опфатени нахиите Гора и Мокра; во Дебарската Каза се вклучени нахиите: — Горни Дебар, Долни Дебар, Жупа, Река, Долго Брдо и Черменица. Во казата Мат е само нахијата Мат; во Казата Акче Хисар се вклучени 7 нахии од Албанија и тоа: — Курбино, Петре Ѓониме, Тамадија, Малесија, Бенде, Д-н-д-с-и-а,[7]) и нахијата Карли Или. Во последната Каза наречена Ишим се вклучени нахиите: — Петрино, Скориа и Мел.[8])

Значи, во 1583 година во Охридскиот санџак постоеле 6 кази, додека во 1519 година само три, што може најарно да се види од самиот попис на феудалните лена како и од сумарните показатели на крајот од дефтерот № 81 на 111 пагинирана страница. Да нагласиме дека пагинацијата е ставена при инвентарирањето на пописниот дефтер, бидејќи попишувачите не ставале пагинација по страници.

Еве што и како е сумирано на 111 страна:

---

[4]) ХАСОВИ се феудални лена од највисока категорија со годишен приход од 100.000 до преку еден милион акчиња. Хасови притежавале султанот, везирите, беглербеговите, санџакбеговите и други највисоки државни и воени функционери.

[5]) ЗЕАМЕТ — феудално лено од втора категорија со годишен приход од 20.000—99.999 акчиња.

[6]) КАЗА — арапски термин за означување подрачје до каде се простирала власта на еден кадија. Турците покрај изразот каза употребуваат и израз Кадилик. Кадиите биле претставници на правосудството, што значи дека казата, односно ,кадилакот претставува единица на судско-административна поделба. Скоро секоја каза опфаќа повеќе од една нахија.

[7]) Точниот назив на оваа нахија не можевме да го прочитаме и затоа ги предаваме само буквите што се содржаат во зборот.

[8]) Опширниот пописен дефтер за Охридскиот санџак (Defter-i mufassal Liva-i Ohri) се чува во Главната катастарска управа (Tapu ve Katastro genel Müdürlügü) во Анкара под број 25. Пописот на Охридскиот санџак бил составен во две свески. Ние располагаме со микрофилм само од првата свеска (Cild el-evvel).

Тимари[9]) на кадиите, заедно со тимарот на хатибот[10]), имамот[11]) и муезинот[12]) при џамијата на градот Раховник[13]), годишниот приход на сите нив изнесува 22.575 акчиња[41]). И тоа: — годишниот приход од тимарите на тројцата кадии изнесува 19.335, додека годишниот приход од тимарот што го уживале заедно хатибот, имамот и муезинот изнесува 3.240, што вкупно изнесува 22.575 акчиња. Од овој податок е сосема евидентно дека во 1519 година на територијата на Охридскиот санџак имало три кази или кадилаци и дека тој број на кази е зголемен на 6 во интервалот помеѓу 1519 и 1583 година.

Секако, од посебен интерес се сумарните показатели во врска со годишните примања на непосредните феудалните господари во целиот Охридски санџак, што се дадени на 111 страна од пописниот дефтер во 1519 година.

Најнапред е даден податок дека целокупниот годишен приход на феудалните господари што се земал од целото население во Охридскиот санџак изнесува 2.912.510 акчиња. Од таа сума годишниот приход на султанот т.е. од неговите хасови на тој терен изнесува 358.886 акчиња. Годишниот приход од хасовите на санџак-бегот изнесува 340.592. На територијата на Охридскиот санџак имало 15 лица што притежавале зеамети. Годишниот приход на сите нив изнесува 458.671 акче. Понатака, во Охридскиот санџак имало 415 лица што уживале или притежавале тимари. Годишниот приход на сите нив изнесува 1.471.556 акчиња. Во овој санџак во 1519 година имало 6 крепости (Kalle) со 6 диздари и 184 чувари на крепостите, на кои им се доделени тимари. Годишниот приход на сите овие лица во крепостите из-

---

9) Тимар-феудално лено од најниска категорија, што се доделува во прв ред, на оние лица што се истакнале на бојното поле. Такви лица по препорака на нивните претпоставени воени старешини добивале берати било од султанот или од беглербегот, со кој им се доделувал тимар со точно означување кои населени места се вклучени во тимарот и колкав е годишниот приход од тој тимар. Висината на годишниот приход од тимари достигала до 19.999 акчиња.

10) Хатиб — арапски израз за означување проповедник во џамија, кој во петок и на двата бајрами држи проповед пред верниците. Секоја џамија имала свој хатиб.

11) Имам — арапски израз кој се однесува на муслиманско духовно лице што раководи со задолжителните молитви во џамијата и се смета како главен службеник во џамијата.

12)Муезин — назив за муслиманско духовно лице, кое од минарето на џамијата ги повикува верниците на читање молитва.

13) Градот Раховник во текот на XV и XVI век е седиште на Дебарската нахија, како и на Дебарската каза. Негде во почетокот на XVII век градот Раховник го има добиено називот Дебар.

14) Акче — назив за турска сребрена монета што била во оптек од XV—XVII век. На едната страна од оваа монета е името на султанот, а на другата страна е местото каде што била ковницата како и годината кога акчето е ковано. На прво време во еден грош имало 40 акчиња. Во Македонија акчиња биле ковани во Скопје и Кратово.

несува 296.250 акчиња.[15]) Називите на шесте крепости во Охридскиот санџак во 1519 година се следните: — Акче Хисар, Петрил, Стелуш, Коџаџик, Охридската крепост и крепоста Бабијани која се наоѓала во нахијата Мокра.

Како што веќе нагласивме, во Охридскиот санџак имале свои хасови султанот и охридскиот санџак-бег, како и 15 притежатели на зеамети. Дали во тие хасови и зеамети биле вклучени и некои сега од нахијата Гора, што не е исклучено, и кои се тие села, не сме во состојба да ги посочиме, бидејќи како што веќе нагласивме дефтерот не е целосен и недостасуваат токму пописите на тие села што биле вклучени во хасовите и зеаметите. Единствено знаеме само за селото Звирино дека е вклучено во зеаметот на некојси Мехмед-бег, дефтердар[16]) при царската благајна. Селото имало 137 семејства и е задолжено годишно со 13.685 акчиња. Што се однесува до притежателите на тимари во 1519 година, во нахијата Гора се регистрирани вкупно 42 тимари, од кои 34 се доделени на поединци, а 8 се заеднички т.е. доделени на двајца, тројца или повеќе лица. Има случаи, на пример, кај чуварите на крепости, 5—9 души да се корисници на еден тимар. Помеѓу регистрираните спахии-тимариоти во ова време се среќаваат и тројца исламизирани христијани. Едниот се викал Мустафа син на Комнен, кој уживал тимар со годишен приход од 2.000 акчиња. Вториот се викат Мехмед син на Абдула,[17]) со годишен приход од 93335 акчиња, а третиот е некојси Ајдин син на Абдула со приход од 5550 акчиња. Годишниот приход на другите спаии-тимариоти во Гора се движи од 1.542—10.766 акчиња.

Во опширниот пописен дефтер до 1583 година не се регистрирани притежателите на феудални лена наречени зеамети и тимари. Само за притежателите на хасови е означено кому принадлежат тие.

Според тоа не сме во состојба за 1583 година да изнесеме колку феудални лена имало во нахијата Гора, како и во сите други нахии во Охридскиот санџак. Она што можеме да констатираме е следното: дека од нахијата Гора само едно село е вклучено во хасовите на пашата[18]) Муслих (?). Потем, дека 11 села се вклучени во зеамети чиишто имиња на притежатели не

---

15) Тахрир дефтери № 81 — стр. 111.

16) Дефтердар — Сложеница од грчкиот збор „дефтер" и персиската наставка „дар". Назив за највисок и најодговорен финансиски службеник при царската или обласната финансиска управа.

17) Во текот на XV и XVI век на исламизираните христијани им се давало во најголем број случаи, презиме „Bin Abdullah", што во превод значи „син на слуга (или роб) божји". Спрема тоа овие двајца притежатели на тимари во Гора се конвертити.

18) Паша — титула што се давала на високи државни и воени функционери, на пример, на везирите, беглербеговите и други.

се регистрирани. Тоа се оние села чиишто пописи во пописниот дефтер се дадени од редниот број 2—12. Сите други села се вклучени во тимари.

## Составот на населението во нахијата Гора

Во 1519 година на територијата на нахијата Гора имало вкупно 66 села. Три од овие села не бевме во состојба да ги дешифрираме. Едното се наоѓало на самото Охридско Езеро. Другото било дервенџиско, а за третото не би имале ништо да кажеме, та дури и бројот на регистрираните жители не сме во состојба да го установиме, зошто фотокопијата е сосема бледа и нечитлива. Општо земено, пописниот дефтер од 1519 година е многу блед и благодарејќи само на пописот од 1583 година можевме со сигурност правилно да ги дешифрираме некои од селата во нахијата Гора. Во 66 села во 1519 година се регистрирани 1745 старешини на христијански семејства или брачни заедници,[19]) 95 вдовици и 168 неженети. Бројот на регистрираните муслимани по ова време е 3, и тоа по 1 во селата — Звирино, Пискупиа и Черевеш (?). Ако регистрираните вдовици ги сметаме исто така како семејства, во тој случај вкупниот број на христијанските семејства во 1519 година во оваа нахија би изнесувал 1840, додека бројот на муслиманите по селата е 3, не земајќи ги предвид непосредните феудални господари т.е. спаите-тимариоти. Ако претпоставиме едно семејство да имало 5 членови, во тој случај во целата нахија имало 9.200 жители христијани и 15 муслимани. Села со најголем број семејства во 1519 година се Звирино со 137, како најголемо, понатака селото Збоки со 84 семејства, Големо Влае со 80, Старова со 73, Стрелца со 72 семејства итн.

Во 1583 година на територијата на нахијата Гора имало 64 села. Кои села не се среќаваат од 1519 година најдобро ќе се види од самиот табеларен преглед, приложен на крајот од ста-

---

[19]) Во самиот попис се дадени имињата и презимињата на женетите, за кои ние употребуваме често назив „старешина на семејство" или „старешина на брачна заедница". Најправилно е да се каже „старешина на брачна заедница", зошто под семејство или домаќинство во некои случаи би можело да се подразбере и заедничко живеење на повеќе женети браќа. Меѓутоа, при пописот и составувањето на пописните дефтери се регистрирал секој женет, независно дали тој живее со својот татко или со своите браќа. При сумирањето женетите се прикажани цифарски и тоа под назив „хане". Ако се поведе некој по називот на персискиот збор „хане", кој значи „куќа", „дом", во тој случај може криво да се разберат тие податоци. Во турските даночни книги како и во некои законски споменици зборот „хане" има значење и на домаќинство, покрај значењето „старешина на брачна заедница", домаќин итн. Конкретно, во пописните дефтери, било да се сумарни или опширни, терминот „хане", значи „брачна заедница". Место брачни заедници ние во излагањето употребуваме израз „семејства".

тијата. Од табеларот може да се види и тоа кои села од 1583 година не се среќаваат во 1519 година.

Во пописниот дефтер од 1583 година не се регистрирани посебно вдовиците[20]), а се внесени поименично само старешините на семејствата, како и имињата на неженетите, а работоспособни. Бројот на христијанските старешини на семејства (а тоа фактички значи бројот на семејствата) во 1583 година изнесува 1161, додека тој број во 1519 изнесуваше 1840, што значи смалување за 679 семејства. Од друга страна, бројот на регистираните муслимански семејства во 1583 година изнесува 676, наспроти 3 во 1519 година. Посебно се прикажани како неженети и 138 муслимани. Ако бројот на семејствата го помножиме со 5, во тој случај ќе видиме дека во 1583 година имало 5.805 христијани и 3.380 муслимани или вкупно 9.185. Општо земено може да се констатира една стагнација по однос на бројот на населението во оваа нахија. Меѓутоа, ако се погледне одделно на бројот на христијанското и муслиманското население, ќе се види еден голем пад на христијанското и обратно, голем пораст на муслиманското, така што порастот на муслиманското население се движи дури кон бројот на падот на христијанските семејства или христијанското население. Ваква појава сама по себе претставува аномалија, зашто е апсурдна една таква диспропорција помеѓу христијанскиот и муслиманскиот елемент во 1583 година. Меѓутоа, кога ја проследивме преку пописот во самиот опширен пописен дефтер од 1583 година исламизацијата на христијанскиот елемент на тој терен, можевме да констатираме дека само по време на пописот преку 50% од регистрираните муслимански семејства се исламизирани христијани, бидејќи, како што веќе истакнавме, бројот на муслиманските семејства изнесува 676, а од нив 355 се исламизирани христијани. Исламизацијата ја следевме преку презимињата на регистрираните муслимани. Кај најголем број од исламизираните е запазено татковото име како презиме, на пример: Хасан син на Тодор; Ахмед син на Петре итн. Многу поретко се среќава познатото презиме за исламизираните христијани кое гласи „Bin Abdulah" (син на роб божји). За илустрација ќе приведеме и некои покарактеристични примери во врска со исламизацијата во населените места од нахијата Гора. Така, на пример, во 1583 година во селото Големо Влае (Bűyűk Evlah ili Evlah-i buzurg)[21]) од 12 регистрирани муслимански семејства

[20]) Доста е необично па и необјаснето зошто во пописот од 1583 година не се внесени и вдовиците, кога скоро во сите други поранешни пописни дефтери се регистрирани и кои подлежеле на плаќање данок испенџе како и женетите и неженетите, а работоспособни христијани. Дури има и такви случаи кога од побогатите вдовици се наплатувало испенџе во полн износ т.е. по 25 акчиња, а од бедните вдовици само по 6 акчиња.

[21]) Во еднпот пописен дефтер е регистрирано како „Evlah-i buzurg

9 се исламизирани. Да подвлечеме дека во 1519 година во ова село нема ниеден муслиман. Во селото Доленци од вкупно 31 регистриран муслиман, од кои 4 се неженети, за 21 стои дека се исламизирани. Во селото Затлан[22]) се регистрирани 5 муслимани од кои 3 семејства и двајца неженети се исламизирани. Доста е карактеристичен случајот со селото Мамели, кое во 1519 година е населено само со христијанско население (15 семејства и еден неженет), во 1583 брои само 7 муслимански семејства и сите се исламизирани; христијани воопшто нема.[23])

Во селото Оснад се регистрирани 48 муслимански семејства и 9 неженети.[24]) Од тој број 45 се исламизирани итн. За состојбата по однос на исламизираните во 1583 година види во табеларниот преглед на крајот; има одделна графа за бројот на исламизираните во сите села каде има муслимани.

Но кога говориме за исламизираните во 1583 година, треба да се има предвид дека станува збор само за една генерација. Ако, на пример, истовремено преминат во ислам татко и син, ние не сме во состојба да го откриеме исламизираниот син, зашто кај него како презиме стои муслиманското лично име на исламизираниот татко. Или, да ги земеме неполнолетните синови кои не подлежеле на попис. При нов попис кога тие стануваат работоспособни и како такви се регистрираат, и нив не сме во состојба никако да ги откриеме, бидејќи за презиме го имаат муслиманското име на исламизираниот татко. Ако се има предвид сето ова, тогаш ќе се дојде до еден сосема логичен заклучок дека бројот на исламизираните е многу поголем од оној што ние го прикажуваме врз основа на конкретните податоци. Во врска со составот на населението по селата во нахијата Гора да констатираме за 1583 година уште и тоа, дека има 4 села населени само со муслиманско население. Тоа се селата — Какач кое во 1519 година било населено само со христијанско население, а во 1583 само со муслиманско.[25]) Потем, ист случај е со селото Мамели, Тушемишта[26]) и Черешник[27]), кои од чисто хри-

т.е. се употребува персиската придавка „бузург" со значење голем-а-о, која е поврзана со „Евлах" на персиски начин, бидејќи придавката е ставена по именката, спротивно на турскиот јазик кога придавката употребена како атрибут секојпат доаѓа пред самата именка. Во другиот пописен дефтер ова село е регистрирано на турски начин „Büyük Evlah" со исто значење „Големо Влае".

22) Читањето на називот на ова село е сосема коректно. Меѓутоа, село со таков назив не можевме да сретнеме во помагалата со кои што се служевме. Во пописниот дефтер № 25 е регистрирано под реден број 41 на 91 лист.

23) Defter-i mufassal Liva-i Ohri — cild el-evvel № 25, лист 97, под реден бр. 62.

24) Opus cit. — лист 78, под реден број 3.

25) Opus cit. — лист 95, под реден број 53.

26) Opus cit. — лист 98, под реден број 63.

27) Opus cit. — лист 96, под реден број 58.

стијански станале во 1583 година муслимански, се разбира, како последица од масовната исламизација на тој терен. Досега слична состојба, по однос на масовната исламизација, имаме констатирано во нахијата Долни Дебар и Река, кои се исто така во Охридскиот санџак, како и во нахијата Биглишта.[28])

Во 1583 година села со најголем број на семејства се: Звирино со вкупно 154 семејства од кои 10 се муслимани[29]); Стрелца со 122 семејства од кои 5 се муслимански (од нив 4 се исламизирани);[30]) Оснад со 83 семејства од кои 48 се муслимански (од кои 45 се исламизирани); Збоки со вкупно 72 семејства од кои 41 се муслимански (од нив 24 се конвертити);[31]) Пискупија со 60 семејства[32]) од кои 4 се муслимански (сите 4 се конвертити) итн.

## Села и жители со специјални задолженија

На територијата на нахијата Гора според податоците од пописните дефтери во 1519 година имало 2 дервенџиски села и тоа селата Брагош и Сојник (?)[33]). Меѓутоа, освен тоа дека во дефтерот се означени како дервенџиски, со давање бројот на семејствата, вдовиците и неженетите, како и износот на годишните обврски кон непосредните феудални господари, поопстојни други податоци за нив нема. Во 1583 како дервенџиско село повторно е регистрирано само селото Брагош[34]) (кај Селишчев има село Брагошта, а во географската карта Брагожати. Секако е во прашање споменатото дервенџиско село Брагош). Селото Брагош е регистрирано под реден број 5. Под името на селото има текст, во кој се говори за тоа, дека дервенџиското село Брагош спаѓало во нахијата Гора и дека ова село уште од порано било дервенџиско. Регистрираните старешини на семејствата како и неженетите му плаќале на непосредниот феудален господар годишно по 10 акчиња на име испенџе, а само женетите т.е. старешините на семејствата, уште по 1 денк жито — една половина пченица, а другата мешано жито (т.е. јачмен и 'рж). Дервенџиската служба на населението се состоела во тоа да ја чува опасната клисура кај месноста наречена „Карпа Калабак", што се наоѓала на патот од Битола кон Белград и Валона. За успешното исполнување на таа служба населението

---

28) Методија Соколоски — Исламизација у Македонији у XV и XVI веку. — Историски часопис, књига XXII, Београд 1975. стр. 75—89.

29) Defter-i mufassal Liva-i Ohri — Cild-el-evvel. — № 25, лист 77, под реден број 2.

30) Opus cit. — лист 81, под реден број 10.

31) Opus cit. — лист 94, под реден број 51.

32) Opus cit. — лист 90, под реден број 38.

33) Сумарен пописен дефтер № 81 — од 1519 — пагинирана страница 47 и 49.

34) Defter-i mufassal Liva-i Ohri — cild-el-evvel — Лист 79, под реден број 5.

било ослободено од давање на редовни и вонредни државни даноци (Avâriz-i divaniye ve tekâlif, i örfiöe). Ова нешто било регистрирано во претходниот пописен дефтер. Истото е внесено и во новиот царски пописен дефтер.

Понатака следи поименичниот попис на старешините на семејствата и на неженетите. Регистрирани се 30 христијански семејства и 8 неженети, како и 39 муслимански семејства и 7 неженети. Од регистираните муслимани 28 се исламизирани христијани. Кај сите овие конвертити личното име е турско, а презимето е христијанско име на таткото. Според тоа, вкупниот број на регистираните семејства и неженети во ова село изнесува 84. Сите тие се задолжени со 840 акчиња на име испенџе т.е. секој еден со по 10 акчиња годишно. Овој податок говори за тоа дека со дервенџиска служба биле задолжени сите регистрирани жители т.е. не само христијаните туку и муслиманите, што е како појава прилично ретка. Второ нешто што е уште покарактеристично, а во извесна смисла и исклучок, е обврската и муслиманите да плаќаат испенџе по 10 акчиња; ова скоро го нема во пописните дефтери. Следејќи ги обврските на населението во врска со давачките на жито во дефтерот се заведени $16\frac{1}{2}$ товари пченица во вредност од 891 акче и $16\frac{1}{2}$ товари мешано жито во вредност од 495. Еден товар пченица чини 54 акчиња, а еден товар мешано 30 акчиња. Овие податоци за житото на попишувачот не му се точни. Во текстот под името на самото село стои дека секој женет бил задолжен со 1 денк жито (половина пченица и половина мешано). Во 1 товар имало 2 денка. Според тоа, 33 товари пченица и мешано претставуваат 66 денка, а тоа значи дека бројот на женетите христијани и муслимани би требало да биде 66. Меѓутоа, ние видовме дека тој број изнесува 69 т.е. 39 муслимани и 30 неженети. Според тоа, бројот на денковите на жито би требало да биде 69 или $34\frac{1}{2}$ товари, а не 33 како што ги пресметал попишувачот. Со други зборови, попишувачот ставил по $16\frac{1}{2}$ товари, а всушност трбеало да стави $17\frac{1}{2}$ товари. Независно од оваа ситна грешка на попишувачот, од податоците може со апсолутна сигурност да се констатира дека со дервенџиска служба биле задолжени како христијаните така и муслиманите. Понатака следат другите давачки или годишни приходи на непосредниот феудален господар: — 30 акчиња од 2 воденици што работеле само по половина година; данок или такса за внесено или купено вино однадвор во износ од 300 акчиња, за пасење стока што доаѓала надвор од синорот на селото 60 акчиња, како и 384 акчиња на име нијабет, свадбарина, полјачина и земјарина т.е. за пренесување или купување земја.

На крајот е сумиран вкупниот годишен приход на спахијата што било должно дервенциското население да му го даде во износ од 3.000 акчиња.[35])

Во опширниот пописен дефтер од 1583 година има и Канунname за целиот Охридски санџак (Kanunname-i Liva-i Ohri).[36]) Во ова канунname уште во самиот почеток стои дека на територијата на Охридскиот санџак било во употреба стамболското (цариградското) киле. Познато е дека цариградското киле изнесувало 18—22 оки. Шест стамболски киле според канунnameто чинеле еден товар, што значи дека товарот во Охридскиот санџак имал околу 120 оки. Во Канунnameто стои дека од воденици што работеле преку цела година се земало данок во износ од 30 акчиња годишно, а ако работела половина година се земало 15.

Во самото Канунname е изрично нагласено дека од рајата што е регистрирана во дервенциските села, било да се женети или неженети, од секого се зема по 10 акчиња на име испенџе. Исто така, таму е изрично нагласено дека, доколку во дервенциските села ќе се внесува вино однадвор, се наплатува данок во износ од 2 акчиња на товар. За другата раја што не е дервенциска во канунnameто стои дека плаќала по 25 акчиња годишно на име испенџе. Понатака во канунnameто за женетите дервенции стои: „Од женетите се зема по $1\frac{1}{2}$ стамболско киле пченица и по $1\frac{1}{2}$ киле јачмен, како и нијабет и свадбарина". Значи, според Канунnameто за Охридскиот занџак женетите во дервенциските села биле должни на спаијата да му дадат уште по $1\frac{1}{2}$ киле пченица и по $1\frac{1}{2}$ киле јачмен или вкупно 3 стамболски киле жито т.е. околу 60 оки. Кај самото дервенциско село стои дека женетите биле должни да дадат по 1 денк жито. Според тоа, еден денк претставува 3 стамболски киле, а 6 стамболски киле видовме дека чинеле 1 товар. Значи 3 киле $= \frac{1}{2}$ товар или 1 денк. Да подвлечеме дека на целата територија на Охридскиот санџак 1 товар бил рамен на 6 стамболски киле

35) Поопстојно за разните видови даноци што му следеле на непосредниот феудален господар види кај М. Соколоски „Прилог кон проучувањето на турско османскиот феудален систем со посебен осврт на Македонија во XV и XVI век". Гласник на Институтот за национална историја, Год. II, бр. 1 1958, стр. 157—227.

36) Ова канунname го има објавено со новотурска азбука Омер Лутфи Баркан во неговата збирка на закони „Kanunlar" — стр. 292 Канунnameто го има преведено на македонски и објавено Душанка Бојаниќ, во Гласник на Институтот за национална историја, год. III, бр. 1, 1959, стр. 285—295. Во опширниот пописен дефтер № 25, канунnameто за Охридскиот санџак се наоѓа на 11-от и 12-от лист.

или околу 120 оки, ако е во прашање, на пример, пченица или 'рж, бидејќи јачменот и овезот се полесни.

Од податоците како кај самото дервенциско село исто така и во Канунамето за Охридскиот санџак јасно се гледа дека законските одредби по донос на обврските на дервенџиите биле стриктно применети било по однос на испенџето, или по однос на давачките во жито, такса за вино, свадбарина и нијабет. Меѓутоа, должни сме и во овој случај да подвлечеме дека овие законски одредби за дервенџиите не биле стриктно применувани во сите дервенциски села на територијата на Охридскиот санџак, за кое ние веќе порано имаме објавено статија токму за дервенциските села во дел од Охридскиот санџак, каде што се изнесени доста примери кога законските одредби не биле доследно применувани.[37])

Во нахијата Гора во 1583 година се регистрирани и четворица соколари и тоа двајца во селото Крушово по име Којо и Гон и двајца во селото Ниче по име Михаил и Никола. За тоа какви биле обврските на соколарите и какви бенефиции или даночни олеснувања имале како компензација за соколарската служба не знаеме, бидејќи нема никакви други податоци, освен тоа што при пописот над нивното име и презиме стои „соколар со царски берат" (Ɖoganci ƀa ƀerat-i ƕumayun). Инаку, во самото Канунаме за Охридскиот сандаџ на крајот за соколарите меѓу другото се говори дека соколарската тајфа што се наоѓа во Охридскиот санџак, не се стари соколари, и во стариот т.е. претходниот пописен дефтер не се регистрирани. Меѓутоа, пред самиот попис била пристигната султанска наредба, во која стоело дека при пописот над имињата на соколарите, кои што веќе притежавале царски берати за вршење соколарска служба, да се ставело и „соколар со царски берат" (Ɖoganci ƀa ƀerat-i ƕumaynu). Во царската наредба било изрично нагласено дека соколарите по однос на обврските кон непосредниот феудален господари — спаиите, ќе треба да се третираат како и другата раја т.е. дека се должни да му ги даваат на спаијата-тимариот сите натурални и парични давачки што му следат според шеријатот. Откако ќе ги измират сите тие обврски кон спаијата и, се разбира, по исполнувањето на соколарските обврски, биле ослободувани од редовните и вонредните државни даноци. Сите овие работи се внесени во самото Канунаме.[38])

Ќе се задржиме уште на еден податок во врска со специјалните задолженија на жителите. При пописот на селото Ста-

---

37) Методија Соколоски — Дервенџиството во Охридскиот санџак во втората половина од XVI век. — Годишен зборник на Фил. факултет, Кн. 19, 1967, стр. 169—202.

38) Поопстојно за соколарите, нивната организација, обврски и бенефиции види кај М. Соколоски. Градско и селско население со специјални задолженија во дел од Охридскиот санџак во втората половина од XVI век. Гласник на ИНИ, Год. X, бр. 2—3; 1966; стр. 181—201.

рова во 1583 година[39]) поименично се регистрирани 60 муслимански семејства и 6 неженети, додека бројот на христијанските семејства по ова време изнесува сè на сè 6. Да припомнеме дека во пописот од 1519 година во Старова беа прикажани 66 христијански семејства, 7 вдовици и 5 неженети и дека тогаш немаше ниеден муслиман во ова село. Најнапред е извршен попис на 26 муслиман: од кои 20 се старешини на семејства и 6 неженети. Потем следи пописот на христијаните. По нив се внесени две баштини кои порано биле христијански, а по време на пописот им припаѓале на муслиманите. Понатака, се регистрирани 8 чифлици притежавани од муслимани. По оовј попис веднаш е додадено: „Мусселеми од споменатото село Старова" и веднаш потоа се регистрирани имињата и презимињата на тие муселлеми-муслимани, чијшто број изнесува 30. Под самиот попис на муселлемите има текст, во кој се говори за тоа дека регистрираните 30 муслимани жители на селото Старова порано заедно со муселлемите од градот Охрид биле ослободени од плаќање на некои даноци. Понатака стои: „Сега со воспоставувањето на кадилакот Старова, се регистрирани во местото каде што живеат, со задолжение да им даваат помош на оние лица што ќе доаѓаат да го собираат харачот,[40]) аваризот,[41]) весларите[42]) и други царски приходи. Понатака се говори дека откако ќе ги платат шеријатските и другите вообичаени давачки, што им следат на непосредните феудални господари, да бидат ослободени од сите други редовни и вонредни државни даноци. Да потсетиме дека обврска од ваков карактер по ова време имале и муслиманите од Струга и Охрид.[43])

Следејќи ги податоците од опширниот пописен дефтер од 1583 година не само за нахијата Гора туку и за сите други 6—7 нахии од Македонија што биле вклучени во Охридскиот санџак, констатиравме дека доста голем број муслимани се регистрирани како притежатели на чифлици или баштини. Доста често чифлиците како и некои од баштините им припаѓале на јаничари и спаии, или на нивни синови, како и на други службени лица или воени раководители. Ваквите сопственици на чифлици

---

[39]) Defter-i mufassal Liva-i Ohri cild-el evvel — № 25, Лист 83, под реден број 17.

[40]) Данокот наречен харач или џизие ѝ припаѓал скоро исклучиво на државата. Извонредно ретко овој данок ќе се сретне и помеѓу приходите на притежатели на мулковни имоти. Овој данок во текот на XV век изнесувал околу 30—40 акчиња годишно, за во втората половина од XVI век и подоцна да се зголеми на преку 400 акчиња годишно.

[41]) Данокот авариз е исклучиво државен данок чија што висина во текот на XVI и XVII век е мошне зголемена и достига до неколку стотини акчиња по пореска единица наречена „авариско хане".

[42]) За потребите на царската флота т.е. бродови, биле собирани веслари било од селското или градското население. Веслари биле собирани, по сè изгледа, само од христијанското население.

[43]) М. Соколоски — „Охрид и Охридско во XVI век". — Прилози, II 2, 1971 — Орган на МАНУ.

не му давале на непосредниот феудален господар ниту ушур ниту саларие од земјоделските производи, како лица од привилегованата владеечка класа, додека за оние притежатели на чифлици што не се од военият слој (аскерот), односно од владеечката класа, во пописните дефтери стои дека „давале ушур и саларие". Има случаи кога поединци поседувале по 2—3 чифлици, што е сосема спротивно на законските прописи од XV и првите децении од XVI век. Имено, рајата-земјоделец можел да поседува само еден чифлик со обработлива површина од 70—120 донуми во зависност од бонитеот или плодноста на земјата или како се вели уште „онолку земја колку што може да се обработи со еден зевгар волови". Од друга страна познато е дека според постојните османски закони од XV и почетокот на XVI век ниеден спаија тимариот не смеел да поседува обработлива земја. Тие можеле да имаат таканаречени „хасса имоти", кои се состоеле воглавно од лозје, бавча, ливада, овошни дрвја. Тој хасса имот можеле да го користат сè дотогаш додека го притежавале доделениот тимар. Со евентуално губење или одземање на тимарот, било поради какви причини, автоматски се губел и хасса имотот. Работите така стоеле и така биле озаконети по време на класичниот воен-тимарско-спаиски систем во текот на XV и првите децении од XVI век. Меѓутоа, подривањето на темелите на тој класичен феудален систем како и на самата мириска земја[44]) е евидентно веќе во третата деценија од XVI век, т.е. во опширните пописни дефтери од 1528 година за Скопската, Тетовската, Кичевската, Прилепската и Битолската нахија[45]) се среќаваат првите притежатели на чифлици од редот на спаиите и јаничарите, како и други службени лица, што е најдобар доказ дека дотогашните закони веќе не се почитувале и не биле во сила.

Што се однесува до нахијата Гора во 1583 година се регистрирани 60 чифлици во 20 села. Најмногу ги има во: селото Старова 8 на број; во селото Черново 6; во селото Братомир и Черешник по 5; во селата Крушово и Претуши по 4 чифлици итн. Ние веќе споменавме дека во нахијата Гора се среќаваат како притежатели на баштин: и муслимани, што е како појава доста

---

44) Мириска земја (Erâz-i mirie) во превод значи „царска земја". Во постојните османски закони и законски одредби како и во коментарите на истите изрично е нагласено дека земјата во Румелија (Европска Турција) била мириска т.е. дека таа ѝ припаѓала на државата и со неа господарел самиот султан. За оваа земја се употребува уште и називот „Erâz-i memleket" (државна земја. Султанот имал право од оваа државна земја да доделува на поединци и во лична сопственост како мулковна земја. Со огромни мулковни имоти во Македонија се познати, на пример, Евренос бег, освојувач на јужна Македонија сè до Битола, потем Исхак-бег и Иса-бег во Скопско, Охри-заде во Охридско и многу други.

45) Опширен пописен дефтер № 149 од 1528 година, што се чува во архивот во Истанбул.

необична, но таа како таква се среќава од 1528 година па натаму скоро во сите нахии во Македонија Баштината во текот на XV век е исто што и чифлик те. обработлива земја од 70—120 донуми.[46]) Разликата е во тоа што толкавата обработлива површина кај христијаните се вика баштина, а кај муслиманите чифлик. Се поставува прашање зошто баштината штом е веќе во муслимански раце го задржува тој назив, а не е регистрирана како чифлик? Ќе покушаме да побараме одговор на ова прашање. Најнапред да појасниме дека баштините прво им припаѓале на христијани и како такви регистрирани во пописните дефтери. Во никој случај обработлива површина што ја имал муслиман не можела да се регистрира како баштина, зошто тој назив се однесува исклучиво за земјишен имот на христијани. Во самите пописни дефтери од XVI век мошне често се среќаваат вакви податоци кај регистрираните баштини, а ние ќе приведеме примери во нахијата Гора.

„Баштина на Станко, во рацете на Иван, а сега во рацете на неговиот син Мехмед“ или „Баштина на Богдан во рацете на Курт“ (№ 25, лист 87 — во село Загоричани); или „Баштина на Коста во рацете на Мехмед Али, а сега во рацете на неговиот син Курт“ (№ 25, лист 88 — село Велтерин); или „Баштина на Новак, во рацете на Касим, а сега во рацете на селското население“ (лист 95 — село Кокач); или „Баштина на Петко син на поп, во рацете на Хусрев спахија кој и сега ја притежава“ (№ 25 лист 78 — село Звирино); или „Баштина на Ферхад во рацете на Хусеин, кој и сега ја притежава“ (№ 25 лист 79 — село Зерваска).

Во нахијата Гора во 1583 година се среќаваат околу 25 баштини што преминале во текот на времето од христијански во муслимански раце. Најмногу ги има во селата Звирино 6 на број; во селото Мало Влае 5 случаи; во селото Зерваска и Загоричане 3, итн.

Ќе прокоментираме неколку случаи од гореприведените примери за притежателите на баштини. Во првиот пример баштината најнапред му припаѓала на некој си Станко, потем преминала во рацете на некојси Иван, кој можел или да ја наследи или да ја купи, а по време на пописот истата баштина е во рацете на синот на Иван кој се викал Мехмед. Значи, синот на Иван станал конвертит т.е. преминал во ислам. Во примерите под 2 и 3 баштините порано биле христијански, а во време на пописот ги притежавале муслимани. Дали овие муслимани ги купиле баштините од христијани или пак се од истата фамилија што преминале во ислам, тешко е да се тврди било едното или

---

[46]) Објаснување за баштината дека тоа е назив за земјишен имот на христијаните има и во самите османски закони, за разлика од називот на чифлигот кој се употребува за притежаваниот земјишен имот на муслиманите.

другото, бидејќи се случувале и бројни купопродажби[47]) на земјишни имоти. Има и такви случаи кога една баштина прво ја притежавал христијанин, потем муслиманин, а отпосле пак истата баштина да е во рацете на христијанин. Не се ретки случаи кога поедини христијански баштини преминале во муслимански раце, а во време на вршењето на пописот попишувачот забележал за баштината дека е „во рацете на селското население".[48]) Ние приведовме само еден таков случај, а ги има повеќе во нахијата Гора, како и во многу други нахии во Македонија воопшто.

Регистрирањето на вакви земјишни имоти, кои од христијански раце преминале во муслимански како „баштини", би можело да се претпостави дека доаѓа од две причини. Главна причина според нас е таа што баштините како христијански се задолжени со данок испенџе во износ од 25 акчиња годишно. Ако евентуално баштината ја купил муслиман или пак е наследена од исламизиран христијанин или поранешен сопственик, бидејќи муслиманите фактички не плаќале данок испенџе во износ од 25 акчиња, во тој случај ако место баштина се стави „чифлик" во дефтерот, тоа би значело дека нема да се плаќа испенџе, а тоа фактички значи и смалување на годишниот приход на непосредниот феудален господар. Бидејќи самите спаии биле живо заинтересирани за добивање на определената сума со царскиот берат, а во време на пописот биле лично присутни. Тоа значи дека и самиот тој не можел да дозволи да се изоставуваат поранешните баштини. Како втора претпоставка за натамошно регистрирање на муслимански баштини може да се земе евентуално и нерегулирано по судски пат прашање во врска со купениот или наследениот земјишен имот, од страна на тие муслимани, независно дали се или не исламизирани. Не е ретка појава поедини баштини порано притежавани било од христијани или муслимани, во време на пописот да се регистрирани како селски т.е. да се во рацете на селското население. Причини за „бестопанство" на поедини земјишни имоти можат да бидат најразлични. На пример: преселување во други села; напуштање на земјишен имот поради огромни заборчувања кон државата и одење во ајдуци, што е впрочем и карактеристично за втората половина од XVI век и особено за XVII век, кога ајдутството има масовен карактер во Македонија и соседните подрачја, а особено на подрачјето на Охридскиот санџак.

---

[47]) За овие купопродажби на земјишен имот во документите стои дека „се врши отстапување на управувањето на земјата". Најверојатно ова формулација доаѓа оттаму што како веќе порано нагласивме земјата се сметала за царска, односно, државна, па според тоа не можела да се купува како сопствен имот.

[48]) Кај таквите случаи стои: „а сега во рацете на селското население" (Hala der yed ehl-i kariye).

## Обврски на населението кон непосредните феудални господари

Во пописот на секое населено место, како што веќе порано нагласивме, се регистрирани износите на сите натурални и парични давачки што му следеле на непосредниот феудален господар. Ние сосема накусо ќе се задржиме само на некои поважни од тие давачки за евентуално да извлечеме и некои констатации за оптовареноста на населението со тие давачки, како и за согледување обемот на производството воопшто на тој терен, во прв ред од земјиштето. На територијата на нахијата Гора во 1583 година се среќаваат следните давачки што им следеле на спаиите-тимариоти:

1.Ушур од: пченица, мешано (јачмен, овес, 'рж), граор, леќа, наут, кожурци, лозја, лен, мед, зелки, овошје, коноп, ореви, костење.

2. Даноци од: испенџе, слама, воденици, свињи, бостан, пасишта, нијабет, свадбарина, полјачина, земјарина, ресм-и текне[49]), такса за вино.[50])

А само за муслимани даноците: Resm-i çift[51]), resm-i benak[52]), resm-i mücerred[53]). Целокупното население во нахијата Гора според пописот од 1583 годишно е задолжено со 224.186 акчиња. Ние веќе порано нагласивме дека вкупниот број на семејствата (христијански и муслимански) по ова време изнесува 1837 што значи дека во просек на едно семејство се паѓа да му даде на непосредниот феудален господар 122 акчиња годишно. Земено одделно со најголема сума е задолжено селото Стрелца со 12.900. Селото имало 122 семејства, што значи дека во просек на ова село се паѓа на едно семејство околу 105 акчиња. Селото Старова е задолжено со 11.000, а имало 66 семејства, што значи дека во просек на едно семејство во ова село доаѓа 166 акчиња. Селото Претуши е задолжено со 6.500 акчиња, а имало 36 семејства, што значи дека во просек на едно семејство се раѓа годишно 180 акчиња итн.

[49]) Resm-i tekne е данок кој што се земал за лозја, покрај ушурот од вино.

[50]) Такса или данок за вино се наплатувал од оние жители кои што внесувале вино однадвор т.е. вон од синорот на населеното место. Се наплатувало по 2 акчиња од еден товар вино.

[51]) Данок наречен „resm-i çift" се наплатувал од муслимани коишто располагале со обработлива земја од 70—120 донуми, во зависност од плодноста на земјата. Данокот изнесувал 22 акчиња годишно.

[52]) Данок што го плаќале муслиманите наречен „Resm-i benak" изнесувал 12 акчиња годишно. И овој данок е за земјарина, а го плаќале оние лица што располагале со обработлива површина од половина чифлик т.е. со околу 40—60 донуми земја.

[53]) Данок наречен resm-i mücerred го плаќале неженетите а работоспособни муслимани што биле регистрирани во пописниот дефтер, кој изнесувал 6 акчиња годишно.

Целокупното население во оваа нахија е задолжено во 1583 година со 3.193 $\frac{1}{2}$ товари жито, од кои 921 товар пченица; 648 товари јачмен; 761 товар 'рж; 295 товари мешано жито (јачмен со 'рж); 367 товари овес; 67 товари просо; 91 товар граор 26$\frac{1}{2}$ товари леќа и со 17 товари каплуџа.[54]) Пресметано во пари целокупното жито изнесува 113.961 акче. Со најголеми количини жито се задолжени селата: Стрелца со 192 $\frac{1}{2}$ товар; Старова со 170; Гоча со 119; Бицка со 111 товари итн. Ушурот од лозја во целата нахија изнесува 3.643 медри[55]) вино. Една медра се пресметувала по 6 акчиња што значи дека ушурот за лозја изнесувал во пари 21.858 акчиња. Лозарството било најразвиено во селото Селце, бидејќи истото е задолжено со 400 медри или 2.400 акчиња; потем селото Величани со 300; селото Големо Влае со 300; селото Претуши со 250 медри итн. Лозарството е застапено во 41 село. Приходот на непосредните феудални господари од улишта или мед, во Гора изнесува 1995 акчиња. Одгледувањето на пчели е застапено во 54 села, што е најдобар доказ дека пчеларството било мошне развиено во оваа нахија. Со најголеми суми се задолжени селата: Загоричани со 155 акчиња; Звирино со 150; Селце со 135; Претуши со 126 итн. Од христијанското население кое одгледувало свињи се наплатувал данок за свињи кој изнесувал едно акче по свиња. Вкупната сума од овој данок годишно изнесува 1.467 акчиња. Свињогојството е застапено во 41 село. Со најголеми суми за овој данок се задолжени селата: Звирино со 200 акчиња; Долани со 92; Пискупија (денес Пишкопеја) со 76 итн.

Најпосле да се задржиме и на ушурот од лен и коноп, кој за целото население изнесува годишно 3.395. Одгледувањето на овие култури е застапено во 54 села. Со најголеми суми се задолжени селата: Звирино со 500 акчиња; Селце со 260; Претуши со 260; Стропско со 150 итн.

Важна ставка во спаиските годишни приходи претставува данокот испенџе кој се наплатувал по 25 акчиња за регистрираните христијани во пописниот дефтер. Во помал износ плаќале само дервенџиите. Приходот од испенџето изнесува годишно 34.285 акчиња. Вкупниот износ од ушурот за жита, лозја како и давачките за лен, коноп, улишта, свињи и испенџе изнесува 176.960. Остатокот до 224.186 од сите давачки изнесува 47.226,

[54]) Во помагалата што ни се на располагање стои дека каплуџа претставува специјална сорта пченица која била ситна.

[55]) Според објаснувањето во некои закони медра претставувала половина ведро. Мерката за течност наречена ведро е позната кај нашиот народ уште од старо време.

која сума се паѓа на разни други ситни давачки што се веќе одбележани во нашето излагање.

Ако се појде од претпоставката дека ушурот со саларието во Гора изнесувал во просек 1/8 од производите, во тој случај ќе можат да се пресметаат количините на сите земјоделски и други производи од кои се земал ушур. Меѓутоа, според законските одредби од XVI век ушурот не значел секојпат десеток т.е. земање на десет едно и дека тој бил зависен од бонитетот на земјата, така што може да се движи и до 50%. Ако се има предвид овој момент, ќе може при поединечното анализирање на давачките по селата да се објаснат појавите во некои случаи кога тие давачки се неверојатно големи во споредба со другите.

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД

### за составот на населението во нахијата Гора во XVI век

| Реден број | НАЗИВ на СЕЛОТО | 1519 година | | | | 1583 година | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Христијани | | | Муслимани | Христијани | | Муслимани | | |
| | | Семејства | Здовици | Неженети | | Семејства | Неженети | Семејства | Неженети | Од нив конвертити |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| 1. | БАБЈАНИ[56]) | 25 | 4 | 4 | — | 12 | — | 4 | 1 | 1 |
| 2. | БИЦКА[57]) | 7 | — | — | — | 13 | 3 | 2 | — | 2 |
| 3. | БЛАТЕЦ[58]) | Во 1519 г. не се среќава | | | — | 12 | 2 | 22 | 4 | 11 |
| 4. | БОГЛИШТЕ ГОРНО[59]) | 29 | 2 | 3 | — | 52 | 8 | 4 | 1 | 2 |
| 5. | БОГЛИШТЕ ДОЛНО[60]) | 21 | — | 2 | — | 27 | 7 | 1 | 1 | 2 |
| 6. | БРАГОШ[61]) | 75 | 4 | 5 | — | 30 | 8 | 39 | 7 | 28 |

[56]) Се наоѓа на југ од Охридското Езеро близу селото Збоки. Во воената карта е регистрирано како Бабјени. Ние го предаваме како што е напишано во пописниот дефтер.

[57]) Се наоѓа на југ од Охридското Езеро близу селото Гоча.

[58]) Напишано е Иплатец. Селото Блатец се наоѓа на југ од Охридското Езеро близу селото Братомир.

[59]) — Не е убицирано.

[60]) — Не е убицирано.

[61]) Кај А. Селишчев во неговиот труд — „Славянское население в Албании" — Софија, 1931, има село со назив Брагожда и го има убицирано јужно од селото Старова. Во воената карта има село Брагожати. Нема сомнение дека е во прашање едно исто село. Ова село во текот на XVI век било дервенџиско.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. | БРАТОМИР[62]) | 3 | — | — | — | 1 | — | 15 | 4 | 5 |
| 8. | ВЕЛИЧАНИ[63]) | 65 | 3 | 7 | — | 40 | 10 | 9 | 4 | 3 |
| 9. | ВЕЛТЕРИН[64]) | Во 1519 не се среќава | | | | 7 | 2 | 6 | 1 | 1 |
| 10. | ВЕРЧУНИ[65]) | Во 1519 не се среќава | | | — | 9 | — | 13 | — | 4 |
| 11. | ВЛАЕ ГОЛЕМО[66]) | 73 | 7 | 8 | — | 25 | 3 | 12 | 2 | 9 |
| 12. | ВЛАЕ МАЛО[67]) | 29 | — | 3 | — | — | — | 16 | 2 | 2 |
| 13. | ГРАБОВА[68]) | 18 | — | 2 | — | 16 | — | 7 | 3 | 3 |
| 14. | ГАБРОВИЦА[69]) | 27 | — | 2 | — | 4 | — | 10 | 2 | 9 |
| 15. | ГОЧА[70]) | 14 | 2 | — | — | 7 | 1 | 21 | 5 | 12 |
| 16. | ГРИПЕЦ[71]) | 30 | 1 | 3 | — | 11 | 1 | 16 | 4 | 9 |
| 17. | ДЕСМИРА[72]) | 19 | 1 | 2 | — | 25 | 3 | 2 | — | — |
| 18. | ДОЛАНИ[73]) | 18 | — | 2 | — | 30 | 7 | 3 | 2 | 4 |
| 19. | ДОЛАНЕЦИ[74]) | 23 | 2 | 2 | — | 6 | — | 27 | 4 | 21 |

---

[62]) Во пописниот дефтер од 1583 е регистрирано како Пратомир, а во 1519 како Братомир. Кај Селишчев е регистрирано како Братомир, додека во воената карта како Братомира. Се наоѓа југо-источно од Свети Наум.

[63]) Селото Величани се наоѓа југо-западно од Охридското Езеро близу селата Селце и Десмира.

[64]Се наоѓа јужно од Свети Наум. Кај Селишчев е регистрирано како Велитрна, а во воената карта како Велитерни. Ние го предаваме како Велтерин. Во прашање е исто село, а точниот назив ќе може само на терен да се установи.

[65]) Селото Верчуни се наоѓа на југ од Охридското Езеро близу селото Преништа.

[66]) Селото Големо Влае не се среќава во географските карти, нема сомнение дека ова село било близу селото Мало Влае (во воената карта стои Мали Влај) кое се наоѓа на западната страна од Охридското Езеро, на територијата на СР Македонија.

[67]) Види ја горната забелешка.

[68]) Селото Грабова се наоѓа југо-западно од Охридско Езеро, прилично оддалечено, близу селото Пирк.

[69]) Во 1519 година е регистрирано со следните букви: — Г-б-р-о-в-и-ч; а во 1583 како Г-б-р-в-и-ч-а. Во воената карта јужно од Свети Наум има село Грабовица.Како Грабовица се среќава и кај Селишчев. Ние го предаваме онака како што е во пописните дефтери. Во секој случај во прашање е едно исто село.

[70]) Селото Гоча се наоѓа мошне далеку на југ близу селата Бицка и Малик.

[71]) Точно така е регистрирано. Сигурно е во прашање селото Грибеци. Во воената карта има Грибеце. Кај Селишчев, Грибеце, кое се наоѓа на југ од Охридското Езеро близу селото Марјани.

[72]) Во пописниот дефтер е напишано Десмир, во воената карта како и кај Селишчев стои Десмира. Се наоѓа југо-источно од Охридското Езеро близу селото Мочани.
и Малик.

[73]) Селишчев го предава како Долан, во воената карта стои Долјан. Се наоѓа југо-источно од Охридското Езеро близу селата Ложани и Сеништа.

[74]) Во воената карта е регистрирано како Долјанеци, а Селишчев го предава како Доланец. Напишано е Доланеци. Се наоѓа југо-западно од Охридското Езеро близу селото Марјани.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 20. | ДРЕБИЊЕ[75]) | 16 | — | 2 | — | 7 | 1 | 2 | — | 1 |
| 21. | ДРЕНОВЦИ[76]) | 9 | — | 1 | — | 9 | 3 | 1 | 1 | — |
| 22. | ЗАГОРИЧАНИ[77]) | 45 | 1 | 4 | — | 17 | — | 21 | 5 | 6 |
| 23. | ЗАТЛАН[78]) | 39 | 2 | 4 | — | 25 | 4 | 3 | 2 | 5 |
| 24. | ЗВАРИШТА[79]) | 44 | 2 | 5 | — | 10 | 3 | 3 | 2 | 3 |
| 25. | ЗБОКИ[80]) | 81 | 3 | 9 | — | 31 | 4 | 41 | 7 | 24 |
| 26. | ЗВИРИНО[81]) | 134 | 3 | 15 | 1 | 144 | 9 | 10 | — | 2 |
| 27. | ЗЕРВАСКА[82]) | 11 | — | 1 | — | 26 | 4 | 6 | 2 | 4 |
| 28. | ЈАСТРИНО[83]) | 7 | — | 1 | — | 9 | — | 2 | 1 | 1 |
| 29. | КАКАЧ[84]) | 55 | 5 | 4 | + | — | — | 13 | 5 | — |
| 30. | КАТУН[85]) | 7 | — | — | — | 4 | 1 | 2 | — | — |
| 31. | КЛАНСКА[86]) | 18 | 5 | 1 | — | 10 | 3 | 10 | — | 6 |
| 32. | КРОНИШТА[87]) | Во 1519 не се среќава | | | — | 3 | — | 5 | — | 2 |

75) Напишано е Д-е-р-б-н-е. Сигурно е во прашање селото Требиње што се наоѓа во воената карта западно од Охридското Езеро близу селото Малина. Селишчев го предава како Требиња.

76) Во пописниот дефтер од 1519 година е напишано така што треба да се прочита Дреновец, додека во 1583 година како што е напишано треба да се чита Дренофци. Во Географската карта, како и кај Селишчев не се среќава.

77) Загоричани се наоѓа на југ од Охридското Езеро близу селата Старова и Тушемишта.

78) Читањето е сосема коректно. Во помагалата што ни беа на располагање не го сретнавме.

79) Во 1519 година е регистрирано како И-ж-в-а-р-и-ш-т-а, а во 1583 како Изваришта. Во географската карта селото Зваришта е југо-западно од Охридското Езеро близу селото Ложани.

80) Во пописните дефтери е регистрирано како Избоки. Се наоѓа на југ од Охридското Езеро близу селото Бабјани.

81) Во пописните дефтери е регистрирано како Извирина. Се наоѓа на југ од Охридското Езеро.

82) Во 1519 година е напишано така што треба да се прочита како Жерваршка, а во 1583 како Жерварска. Во воената карта има село Зерваска кое се наоѓа на југ од Охридското Езеро помеѓу селата Мочани и Старова. Сметајќи дека е во прашање селото Зерваска затоа и ние го предаваме како Зерваска.

83) Во 1519 година не се ставени никакви дијакритични точки со што е многу отежнато дешифрувањето. Во 1583 како што е напишано може да се прочита како Јастрино или Пастрино. Не успеавме да го убицираме.

84) Како што е напишано во пописните дефтери треба да се прочита како Какач, но може и како Какачи, бидејќи меките вокали во арапската транскрипција главно се испуштени. Во воената карта има село Какачи кое се наоѓа на југ од Охридското Езеро. Истото село Селишчев го предава како Какач.

85) Читањето е сосема коректно, но село со назив Катун не се среќава во географските карти.

86)Читањето е коректно, но село со назив Кланска не се среќава во помагалата со кои што се служевме.

87) Селото Кроништа се наоѓа југо-западно од Охридското Езеро близу селото Мочани.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 33. | КРУШОВО[88]) | 26 | 1 | 3 | — | 12 | 4 | 12 | 4 | 4 |
| 34. | К-У-К-С[89]) | 12 | — | 1 | — | 10 | 3 | — | — | — |
| 35. | ЛОЖАНИ[90]) | 20 | — | 2 | — | 28 | 4 | 12 | 3 | 7 |
| 36. | МАЛИК[91]) | 21 | 1 | 3 | — | 3 | 2 | 9 | 2 | 5 |
| 37. | МАРЈАНИ[92]) | 25 | 2 | 2 | — | 2 | — | 8 | 3 | 5 |
| 38. | МАМЕЛИ[93]) | 14 | 1 | 1 | — | — | — | 7 | — | 7 |
| 39. | МАНАСТИРЕЦ[94]) | 9 | 1 | 1 | — | 13 | 3 | 3 | 1 | 4 |
| 40. | МОЧАНИ[95]) | Во 1519 не се среќава | | | — | 3 | — | 9 | 2 | 3 |
| 41. | МУШИЧАНИ[96]) | 15 | 1 | 2 | | Во 1583 год. не се среќава. | | | | |
| 42. | НИЧЕ[97]) | 17 | 2 | 2 | — | 56 | 7 | — | — | — |
| 43. | НОВОСЕЛАНИ[98]) | 10 | 1 | 1 | — | 12 | 2 | — | — | — |
| 44. | ОСНАД[99]) | 45 | 2 | 5 | — | 35 | 1 | 48 | 9 | 45 |
| 45. | ПИСКУПАТ[100]) | 13 | 2 | 1 | | — Во 1583 год. не се среќава. | | | | |
| 46. | ПИСКУПИЈА[101]) | 65 | 2 | 6 | 1 | 56 | 8 | 4 | 1 | 4 |

[88]) Селото Крушова се наоѓа југо-западно од Охридското Езеро.

[89]) Селото е напишано со арапските букви: кеф-вав-кеф-син. Може да се чита како Кукс, Гукс, Гогус.

[90]) Селото Ложани се наоѓа југо-западно од Охридското Езеро близу селото, Долјан.

[91]) Селото Малик се наоѓа на југ од Охридското езеро близу селото Ѓоча. Во воената карта е заведено како Малики.

[92]) Селото Марјани се наоѓа на југ од Охридското Езеро, источно од селото Десмира.

[93]) Селото Мамели се наоѓа на југ од Охридското Езеро близу селото Марјани.

[94]) Селото Манастирец се наоѓа на југ од Охридското Езеро помеѓу селата Марјани и Грибеци. Во воената карта е заведено како Монастрец, а кај Селишчев како Манастирец.

[95]) Селото Мочани се наоѓа југо-западно од Охридското Езеро, близу селата Десмира и Селце.

[96]) Селото Мушичани се среќава само во 1519 година. Во помагалата со кои што се служевме не го сретнавме. Дешифрувањето и читањето е сосема коректно.

[97]) Селото Ниче се наоѓа југо-западно од Охридското Езеро близу селото Оснати.

[98]) Во 1519 е регистрирано како Новселани, а во 1583 година како Новаселани. Во воената карта има село со назив Новасела, кое се наоѓа јужно од Охридското Езеро, источно од селото Мамели. Кај Селишчев е предадено како Новосел.

[99]) Во воената карта е заведено како Хоснати и се наоѓа југозападно од Охридското Езеро близу селото Ниче.

[100]) Селото Пискупат се среќава само во 1519 година. Во воената карта е заведено како Пишкопат, а се наоѓа на западниот брег од Охридското Езеро — во република Албанија.

[101]) Селото Пискупија, денес познато како Пешкопија, се наоѓа на југ од Охридското Езеро, на самата граница помеѓу СР Македонија и република Албанија.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 47. | ПОДГРАДЕЦ[102]) | 16 | 2 | 2 | — | 8 | — | 12 | 2 | 5 |
| 48. | ПРЕНИШТА[103]) | 17 | 2 | 1 | — | 3 | — | 12 | 4 | 6 |
| 49. | ПРЕТУШИ[104]) | 45 | 3 | 4 | — | 7 | — | 25 | 9 | 16 |
| 50. | СВЕТИ НИКОЛА[105]) | 10 | — | 1 | — | 17 | — | 3 | — | — |
| 51. | СЕЛЦЕ[106]) | 47 | 2 | 5 | — | 35 | 8 | 4 | — | 1 |
| 52. | СЕНИШТА[107]) | 6 | — | — | — | 13 | — | 2 | 2 | 3 |
| 53. | СТАВРАНИ[108]) | 17 | 3 | 2 | — | — | во 1583 год. не се среќава. | | | |
| 54. | СТАРОВА[109]) | 66 | 7 | 5 | — | 6 | — | 60 | 6 | 6 |
| 55. | СТРЕЛКОВО[110]) | 15 | 3 | 1 | — | 19 | 3 | 2 | — | 1 |
| 56. | СТРЕЛЦА[111]) | 69 | 3 | 7 | — | 117 | 40 | 5 | 2 | 4 |
| 57. | СТРОПСКА[112]) | 42 | — | 4 | — | 5 | 3 | 5 | — | 3 |
| 58. | ТЕРДУША[113]) | 7 | — | 1 | — | 2 | — | 19 | — | 10 |
| 59. | ТРЕБУС[114]) | 7 | — | — | — | 3 | 1 | 5 | — | 5 |
| 60. | ТРЕСОВО[115]) | 22 | 3 | 3 | — | 12 | 3 | 3 | 2 | 4 |

[102]) Селото Подградец се наоѓа на самото Охридско Езеро, на неговата јужна страна. Во воената карта е регистрирано како Подградеци. Во османските опширни пописни дефтери е регистрирано како ПОДГРАДЕЦ и нема никакво сомнение дека правиот назив на селото му бил тој.

[103]) Селото Преништа се наоѓа југозападно од Охридското Езеро, близу селото Верчуни.

[104]) Се наоѓа на југ од Охридското Езеро, јужно од селото Грабовица.

[105]) Селото Свети Никола во воената карта како и во другите географски карти не се среќава. Селишчев во приложената карта на својот труд ова село го има лоцирано на самото Охридско Езеро — неговата западна страна, точно каде што денес се наоѓа селото Лини.

[106]) Се наоѓа југозападно од Охридското Езеро, близу селото Мочани.

[107]) Селото Сеништа се наоѓа југозападно од Охридското Езеро близу селото Долјан.

[108]) Дешифрувањето и читањето е сосема коректно. Напишано е ИСТАВРАНИ. Во 1583 година не се среќава. Во помагалата не го сретнавме и затоа селото остана неубицирано.

[109]) Селото Старова се наоѓа на југ од Охридското Езеро близу самиот брег.

[110]) Читањето е сосема коректно. Напишано е ИСТРЕЛКОВА. Во помагалата не го сретнавме.

[111]) Напишано е ИСТРЕЛЧ. Нема сомневање дека во прашање е селото Стрелца што го има лоцирано Селишчев југозападно од Охридското Езеро близу селото Тресово. Во воената карта село со овој назив не среќаваме.

[112]) Напишано е ИСТРОПСКА. Во воената карта е заведено како Стропцка. Се наоѓа на југ од Охридското Езеро близу селото Брагожа.

[113]) Напишано е Тердуша. Во воената карта стои Дердуша. Се наоѓа југозападно од Охридското Езеро близу селото Грибеци.

[114]) Во 1583 година е напишано Т-Р-Б-У-С. Во помагалата со кои што се служевме не го сретнавме.

[115]) Селото Тресова се наоѓа југозападно од Охридското Езеро близу селата Долјан и Сениште.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 61. | ТУШЕМИШТА[116]) | 13 | — | 1 | — | — | — | 2 | 3 | 1 |
| 62. | УСОЈ ИЛИ (ОСОЈ)[117]) | 26 | | 2 | — | 29 | 3 | — | — | — |
| 63. | ФАКИХ ТАНРИ[118]) | 40 | 1 | 4 | — | 7 | — | 14 | 3 | 6 |
| 64. | ХОДОНИШТА[119]) | | 14 | 2 | 1 | — | Во 1583 год. не се среќава. | | | |
| 65. | ЧЕРЕШНИК[120]) | 13 | 1 | 1 | — | — | — | 15 | 5 | 2 |
| 66. | ЧЕРНОВО[121]) | Во 1519 не се среќава | | | — | 16 | 3 | 20 | 2 | 12 |
| 67. | Ч-Р-В-Ш[122]) | 5 | — | 1 | 1 | 3 | — | 6 | — | 4 |
| 68. | ШКОЖА[123]) | 14 | — | 1 | — | 7 | — | 2 | 1 | — |
| | Вкупно: | 1745 | 95 | 168 | 3 | 1161 | 185 | 676 | 138 | 355 |

[116]) Селото Тушемишта се наоѓа помеѓу селото Старова и манастирот Свети Наум, на југ од Охридското Езеро.

[117]) Може и Осој да се прочита. Кај Селишчев има село Осоја кое се наоѓа јужно од селото Ложани.

[118]) Ова село не е убицирано.

[119]) Во пописниот дефтер е регистрирано така што може да се прочита Ходоништа и Худуништа или Ходуништа. Во 1583 година не се среќава. Се наоѓа на западниот брег на Охридското Езеро.

[120]) Читањето е коректно. Кај Селишчев е исто така предадено како Черешник. Се наоѓа помеѓу селата Какач и Дердуша, југозападно од Охридското Езеро. Во воената карта ова село е заведено како КЕРЕШНИКУ.

[121]) Во пописниот дефтер од 1519 година ова село не го сретнавме. Кај Селишчев е предадено како ЧРНОВА и се наоѓа јужно од манастирот Свети Наум.

[122]) Не сме во состојба правилно да го прочитаме и затоа ги предаваме само буквите што се во самиот назив.

[123]) Во пописниот дефтер од 1519 година е напишано ИШКОЗА, а во оној од 1583 како ИШКОЖА. Во воената карта има село Скоза, кое се наоѓа на југ од Охридското Езеро, близу селото Збоки. Нема никакво сомневање дека е во прашање токму тоа село.

Metodija SOKOLOSKI

# LE DISTRICT DE GORA AU XVI$^{e}$ SIÈCLE

(R é s u m é)

L'auteur de ce travail se réfère principalement aux donées de deux deffteres du récensement ottomans se rapportant au Sandjak d'Ohrid car le district de Gora faisait alors partie de ce Sandjak. Le premier de ces documents qui est un deffter sommaire date de 1519 et appartient aux Archives de la Présidence du gouvernement de la République de Turquie à Istanbul (№ 81). Le deuxième document, possession de la Direction cadastrale générale d'Ankara est, par contre, un deffter très ample et se rapporte au Sandjak d' Ohrid, de l'époque de 1583. Il porte le № 25 (Deffter-i müfassal — Liva-i Ohri. Cild el-evvel).

Se basant à ces données, l'auteur définit tout d' abord les limites du district de Gora. Ensuite, il décrit les fiefs de ce terrain de 1519 et constate qu' au cours du XVI$^{e}$ siècle, il y en avait de 64 à 67 lieux peuplés.

Une attention particulière est prêtée aussi à la structure de la population de ce district. On constate que, dans les premières décennies du XVI$^{e}$ siècle et plus précisement en 1519, dans les villages de Gora il n'étaient enregistrées, les possesseurs des fiefs mis à part, que trois familles musulmanes et que le nombre des familles chrétiennes montait à 1840. Pourtant, en 1583 il y avait 676 familes musulmans et 1346 familles chrétiennes ce qui veut dire qu'il s'agissait déjà un rapport de 2 : 1.

Prenant en considération le nombre total de musulmans enregistrés, l'auteur constate ensuite qu'il y avait alors 355 de convertis ce qui faisait 50% du nombre total des musulmans. Par conséquent, la colonisation des Turcs-Ottomans n'était presque pas pratiquée sur ce terrain et le plus part des musulmans enregistrés en 1583 étaient, en réalité, des chrétiens convertis.

On y parle également de la population qui avait des obligations plus spéciales: des dervindjis, des fauconniers et des musellems de cette région. Il en est question aussi des obligations de la population au cours de l'année à l'égard des seigneurs féodaux, qui avaient des „hasses", des zéamets" ou des „timares". Enfin, on y offre des données sur la quantité de la rente pécuniaire ou la rente en nature que la population de cette région devait donner à ses seigneurs.